РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-371/7
26-07-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-мата седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот заведен под број 09-371/1 од 24.01.2024 година против службеното лице ------, член на Управниот одбор на ------- и ВД директор на --------, **СЕ ЗАПИРА**.
ДКСК заклучи дека е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што е спроведена постапка за порамнување.
ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, бидејќи е настаната и промена на фактичката состојба.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-371/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став (1) точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, по извршена проверка на поднесениот образец ------ од страна на лицето -------- со бр. 09-534/1 од 16.02.2022 година и друга ------- со 09-8323/1 од 23.09.2022година, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата член на член на Управниот одбор на ------- исто време ја врши и функцијата ---------, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со цел проверка на податоците пријавени во образецот ------ од страна на лицето --------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-371/2 од 06.02.2024 година, за да ги прибави актите за избор/именување или разрешување од двете наведни функции.

Врз основа на доставениот допис, Доставување на информација со бр. 09-371/3 од 23.02.2024 година од страна на ----------, ДКСК утврди дека лицето поднело Барање за разрешување од функцијата -----------, по што во прилог лицето до ДКСК достави Решение за разрешување на вршител на должноста на директор на ----------- со бр.09-1631/2 од 31.08.2023 година.

По анализа на добиената документација и утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека лицето ------------ го прекршило член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК одлучи да спроведе постапка за порамнување против лицето ----------- и до истото достави Записник за констатиран прекршок со бр.09-371/4 од 10.05.2024 година и Прекршочен платен налог со бр.09-371/5 од 10.05.2024 година.

Службеното лице ја плати глобата во законски даден рок и достави до ДКСК уплатница заведена под бр. 09-371/6 од 28.05.2024.

ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај бидејќи лицето ја надмина состојбата на неспојливост на функции и изврши уплата на законски предвидената глоба за прекршување на одредби од ЗСКСИ.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: М.М – соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: Б.К.Ш. – член на ДКСК